# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# - ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 24-та седница на ДКСК одржана на ден 15 Ноември 2019 година донесе:

## **Одлука**

Постапката покрената по пријавата број 12-2631/1 од 08.05.2019 година доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата по електронска пошта, од непознат подносител, а против Агенцијата -------------------- на Република Северна Македонија заради исплата на, како што се наведува – "милионски суми" финансиски средства од буџетот на име и по основ на ------------------------------------------, еден ден пред денот на одржувањето на Претседателските и Локалните избори 2019 година, со што, според подносителот на пријавата, е сторено прекршување на законските одредби кои предвидуваат забрани и го уредуваат постапувањето во изборен период, СЕ ЗАПИРА поради непотврденост и неоснованост на сомневањата во конкретниот случај.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметот со број 12-2631/1 од 08.05.2019 година.

Предметот, со број 12-2631/1 од 08.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Предметот со број 12-2631/1 од 08.05.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава, од непознат подносител по електронска пошта, против Агенцијата ------------------------ на Република Северна Македонија - за незаконитости и прекршувања во периодот на изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година, сторени на еден ден пред денот на одржувањето на изборите со исплата на "милионски суми" финансиски средства од буџетот на име и по основ на ----------------------- во периодот на изборниот процес.

Заради утврдување на фактичката состојба, по конкретниот предмет ДКСК презема процесни дејствија и постапи согласно со член 23 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси - со прибирање на податоци, информации и документација од Агенцијата ---------------------- на Република Северна Македонија.

На барањето на ДКСК бр. 12- 2631/3 од 18.05.2019 година, кај ДКСК е примен одговор – Известување бр. 12-2631/4 од 05.06.2019 година од Агенцијата ------------------------ на Република Северна Македонија со кое Агенцијата ги оспорува наводите од пријавата и при тоа истакнува дека во конкретниот случај не се работи за вонредни исплати на средства, туку напротив - предметните исплати се дел од редовни исплати, за редовни активности на ---------------- за 2019 година – во потврда на што и доставува како прилог документација - изводи на промет и состојба на сметката на ---------------- од кои, како што се тврди, може да се видат сите исплати за ---------------- во текот на 2019 година. Дотолку повеќе, ---------------- во предметното известување ги посочува како основ за исплата ------------- план за ------------------------------------ за 2019 година за кои се претходно предвидени и обезбедени средства во Буџетот на --------------------- за 2019 година – Потсметка за

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

-----------------------------, односно дека се работи за реализација на усвоен Годишен ------------------ план и на Програма донесена врз основа на закон со која се обезбедува остварување на правата на ------------------- според Законот за ------------------------------------.

На 24-та седница на ДКСК одржана на ден 15.11.2019 година, врз основа на наводите од пријавата во предметниот пријавен случај, како и врз основа на добиените информации, податоци и документација од Агенцијата --------------------- на Република Северна Македонија, ДКСК констатира дека наводите за незаконитости и прекршувања во периодот на изборниот процес и во изборна кампања на Претседателските и Локалните избори 2019 година не се потврдуваат по што се оцени дека Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно надлежно постапување во предметниот случај.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**


Република северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk